27484

12 ПРОСВЕТЕН РАБОТНИК
30 МАРТ 1981 ,541,

● ДОМОВИТЕ НА КУЛТУРАТА ВО МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ СО УЧИЛИШТАТА

# ОТВОРАЊЕ КОН МЛАДИТЕ

Во Скопје, дејствуваат пет домови на културата здружени во сложената организација на здружен труд „Кочо Рацин“. Тоа се домовите на културата во месните заедници Автокоманда, каде што активно дејствува домот на културата „Димитар Влахов“, по тоа домот на градежните работници „Кочо Рацин“, во населбата Маџари свои активности развива домот на културата „11 октомври“, домот на културата „Горче Петров“ и домот во населбата Идризово. Во овие домови работат и постојани библиотеки чии книжен фонд е доста голем, така што тие заедно со секциите и друштвата кои развиваат постојана активност претставуваат вистински центри за ширење на културно-забавниот живот меѓу младите и жителите на населбите. Голем придонес во активностите на овие организации на здружен труд од областа на културата имаат и училиштата кои постојат во месните заедници каде се лоцирани домовите, така што тие активности се и заеднички за што илјадници ученици од основните и средните училишта се и членови на драмските, фолклорните, ликовните и други секции кои дејствуваат во рамките на раздвижените културни активности во овие организации. Тоа значи дека и самите училишта се повикани на една ваква соработка, а тоа треба во иднина уште повеќе да се поттикнува и поддржува.

Во домот на културата „11 октомври“ во месната заедница Маџари, има повеќе секции, меѓу кои литературна дружина, во која членуваат повеќе од 40 млади творци на пишуваниот збор — ученици од основните и средните училишта, потоа ликовна секција со 20 активни членови, музичка секција со 80 активисти кои се членови на забавниот оркестар, народниот музички состав и фолклорната секција со играорна и пејачка група. Според зборовите на управникот на Домот, академскиот сликар **Александар — Цане Јанкуловски**, членови на секциите се ученици од основните училишта „Даме Крапчев“, „Крсте Мисирков“ и „25 мај“ како и од средните училишта „Боро Петрушевски“, „Никола Тесла“ и повеќето скопски гимназии. Меѓутоа, оваа активност е взаемна, истакнува управникот, наведувајќи примери за заеднички одржаните приредби по повод националните и други празници, просториите на Домот секогаш им се отворени на училиштата, а од библиотеката се користат книги за лектирата. Ние, од досегашната соработка со училиштата во нашата месна



заедница можеме да бидеме презадоволни, вели Јанкуловски, подвлекувајќи дека само така и Домот и училиштата ќе можат да се претставуваат пред населението и да ги вреднуваат своите залажби, односно успеси. Според него соработката и понатаму ќе се шири и продлабочува во интерес на развивањето на творечките способности на учениците...

Нешто слично забележавме и во активностите на Домот на културата „Димитар Влахов“ во месната заедница Автокоманда. Во рамките на активностите на оваа организација е драмскиот театар „Чекори“ во кого членуваат повеќе од 30 средношколци, рецитаторска и фолклорна секција и др. Драмскиот театар „Чекори“ има освоено повеќе награди на драмските смотри во Кочани, Требиње и во Белград, по тоа е наградуван и раководителот и режисерот Борче Ангеловски и др. На овогодишниот репертоар на оваа драмска дружина се наоѓаат претставите “Малиот принц“ од Е. Егзепери од „Од онаа страна на костените“ од Ж. М. Рип, а се вршат подготовки и за уште две драмски претстави. Според зборовите на управникот на домот на културата „Димитар Влахов“ **Ѓорѓи Гроздановски**, оваа организација успешно соработува со децении со основното училиште „Стив Наумов“ од каде „регрутира“ членови за своите секции, заеднички остварува бројни програми, а тоа истото го прави и со културно-уметничкото друштво „Гоце Делчев“ во кое исто така членуваат ученици од „Стив Наумов“ и од повеќе средни училишта. Според Гроздановски ваквата соработка меѓу Домот и училиштата е вонредно добра и таа треба и понатаму да се развива зашто само така ќе може да се остваруваат активности, да се подига културното ниво на населението и да се развиваат творечките способности на учениците.

**Весна АНГЕЛОВСКА**